**Одлука бр.18**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на својата редовна седница одржана на 29.12.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За определување на критериуми за креирање на ранг-листа за рангирани клубови кои ќе бидат дел од програмата-субвенции и финансирање во спортот за 2026 година**

**Член 1**

Тениска Федерација на Северна Македонија ќе ја креира ранг-листата на тениските клубови за влез во системот на финансирање на Министерството за спорт, според следните критериуми:

1. Поседување- располагање со објект (број на терени; соблекувални, друга тениска опрема)
2. Регистрирани натпреварувачи
3. Број на квалитетни натпреварувачи
4. Број и квалитет на организирани домашни и меѓународни натпревари

**Член 2**

Критериуми по кој ќе се изврши рангирањето на клубовите:

КРИТЕРИУМ БР.1

| | | |
|---|---|---|
| Поседување- располагање со објект (број на терени; соблекувални, друга тениска опрема) | | 150 поени |
| а) поседување на ТЕРЕН | max. 125 поени | |
| - за секој терен 1 категорија<br>- за секој терен 2 категорија<br>- за секој терен 3 категорија | 15 поени<br>10 поени<br>5 поени | |
| б) Соблекувални и друга тениска опрема | max. 25 поени | |
| соблекувални со тушеви<br>трибини, судиски столови и друга опрема | 15 поени<br>10 поени | |

КРИТЕРИУМ БР.2

| | | |
|---|---|---|
| Регистрирани натпреварувачи | | 100 поени |
| - за секој регистриран натпреварувач | 1 поени | |

КРИТЕРИУМ БР.3

| | | |
|---|---|---|
| Број на квалитетни натпреварувачи во 2025 | | 150 поени |
| а) број на рангирани натпреварувачи меѓу првите 10 на ранг листа (по категории) во 2025 | | max. 40 поени |
| - до 20<br>- од 21 до 40<br>- над 40 | 10 поени<br>20 поени<br>40 поени | |
| б) број на државни прваци во 2025 – поединечна конкуренција | | max. 40 поени |
| - до 2<br>- од 3 до 6<br>- над 6 | 10 поени<br>20 поени<br>40 поени | |
| в) број на рангирани натпреварувачи на ТЕ, ИТФ, ВТА и АТП | | max. 40 поени |

| | | |
|---|---|---|
| ранг листите во 2025 | | |
| - до 2<br>- од 3 до 6<br>- над 6 | 10 поени<br>20 поени<br>40 поени | |
| г) Пласман на Македонска Тениска лига 2025 | | max. 30 поени |
| - првопласиран<br>- второпласиран<br>- третопласиран | 30 поени<br>15 поени<br>5 поени | |

КРИТЕРИУМ БР.4

| | | |
|---|---|---|
| Број и квалитет на организирани домашни и меѓународни натпревари | | 100 поени |
| а) Домашни натпревари во 2025 | max. 50 поени | |
| - до 4<br>- од 5 до 8<br>- над 8 | 10 поени<br>30 поени<br>50 поени | |
| б) Меѓународни натпревари во 2025 | max. 50 поени | |
| - ТЕ 12,14,16 и Ветерански по турнир<br>- ИТФ 18 години по турнир<br>- ИТФ фјучерси по турнир<br>- ИТФ турнири со награден фонд од 25.000 и нагоре- по турнир,<br>- АТП и ВТА | 10 поени<br>15 поени<br>25 поени<br>30 поени<br><br>50 поени | |

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува за номинација номинација на Тениски клубови за влез во систем на финасирање во Министерството за спорт во 2026 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 29.12.2025 година